ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 95**

**Скопје, 28.12.2022 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на финансии и друго на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ колеџ Скопје

**Стр. 12**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на архитектонски конструкции, урбано и просторно планирање и проектирање и друго на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ колеџ Скопје

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИ И ДРУГО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-1208/5 од 21 декември 2022 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 21.12.2022 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на финансии и друго на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „*Слободен печат*", на ден 1.12.2022, и во предвидениот рок се пријави:

*Д-р Елена Бундалеска*

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно – научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Елена Бундалеска е родена на 25.07.1976 година, во Скопје. Правниот факултет го завршила во 1999 година, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Ѓраѓанско-правна група. Во 2002 година положила правосуден испит. Во 2004 година, како стипендист на US State Department, завршила пост-дипломски студии од областа на банкарство, финансии и деловно право, на Fordham University, New York, USA. Во Јули, 2010 година кандидатот завршила менторски докторски студии при European Center for Peace and Development of the United Nations University for Peace, на тема: Market Discipline, Transparency and Disclosure Requirements in Banking.

Работно искуство:
Од Мај, 2005 до Јули, 2008 Елена била на позиција Помошник директор на Сектор правни равоти во Стопанска банка АД-Скопје. Во именуваниот период таа всушност во пракса била Директор на Секторот, затоа што во целиот период немало Директор на Секторот. Надлежности: наплата на побарувања, судски постапки, изготвување и проверка на сите интерни процедури, изготвувување и проверка на договори од сите области, воспоставување на заложни права, давање на правни мислења, регистрации на филијали, подружници и останати информации во Централен регистар, други. Како раководно лице во една од најголемите банки во РМ Елена била изложена на значителен обемот на работа и разноликост на активности, искуства.
Пред заземање на функцијата Помошник директор на Сектор за правни работи, а по повраток од посдипломски студии од САД, Елена била Виш советник за примена на прописите од банкарското работење во Стопанска банка АД-Скопје. Како Виш советник за примена на прописите од банкарското работење Елена била задолжена за следење на целокупната регулатива поврзана со банкарското работење и имплементирање на истата

во банката. Ова вклучувало: воспоставување на систем во банката за следење на усогласеноста со прописите, контрола на известувањето кон надвор, комуникација со НБРМ, координација на теренските контроли на НБРМ во банката, известување на менаџментот за промените во регулативата, обуки на вработените, изготвување на политики запознај го својот клиент, проверка на останати политики и процедури на банката, водење на системот на спречување на перење пари, слично.
Во завршната фаза од магистерските студии Елена поминала квартал (Јуни-Август, 2004) како Compliance Officer во Сектор за следење на усогласеност со прописите во Atlantic Bank of New York, NY. Како Compliance Officer во САД Елена стекнала искуство и познавање на работењето на Секторот за усогласеност со регулатива во САД, од регулатива како SOX, Fair Housing Act, Community Reinvestment Act, Securities Act и подзаконска регулатива до работа на менаџментот и организационите единици на американска банка.
Со цел проширување на работното искуство Елена преминала од Македонска банка за поддршка на развојот во Стопанска банка АД Скопје, каде во периодот Март, 2001-Август, 2003 работела како Советник за примена на прописите од банкарското работење во Стопанска банка АД-Скопје. Покрај следење на и осигурување на усогласеност со прописите Елена била задолжена за воспоставување на систем на спречување на перење пари, во услови кога ниту една банка во РМ немала ваков систем, затоа што се уште не постоела законска регулатива во таа насока. Исто така Елена била задолжена за подготвување и проверка на материјалите за управен и надзорен одбор, како и следење на имплементација на одлуките на одборите. Одтаму искуството во делот на трговски друштва. Како Советник за примена на прописите од банкарското работење Елена била задолжена за изготвување на Кодексот на етика на банката, обука на вработените во оваа област и следење на имплементацијата на Кодексот.
Елена го почнала нејзиното работно искуство како Референт за правни прашања и осигурување на извоз, Македонска банка за поддршка на развојот, каде работела во периодот Од Декември, 1999 до Март, 2001. Во МБПР Елена стекнала искуство во работа со клиенти, пред се кредитокорисници и корисници на осигурителни полиси, издавање на полиси, слично. МБПР е единствена банка во РМ која нудела и ниди осигурување на извоз, како алатка за посигурно функционирање на друштвата, која во моментов важи и за првокласен инструмент за обезбедување согласно методологијата на НБРМ.

Од останати работни ангажмани на д-р Бундалеска се вројуваат следните:

- Консултант во проекти поврзани со заштита на животна средина и претприемништво
- Обучувач во проекти добиени од Агенција за поддршка на претприемништво (теми: бизнис планови, претприемништво и социјално претприемништво)
- Член на Дисциплинска комисија при Централен депизитар за хартии од вредност
- Член на Институт на директори – како член на Институтот на директори Елена повремено е ангажирана да држи обуки од областа на трговски друштва, корпоративно управување и корпоративна општествена одговорност. Исто така, таа присуствува на тркалезни маси кои се организираат за членовите поврзани со најразлични теми од областа на работењето на трговските друштва (say on pay, сертифицирање на директори, обврски поврзани со избор на директори во осигурителната индустрија, слично)
- Основач и член на Управен одбор на Македонско американска Рон Браун Асоцијација (МАРБА)
- Од 2021, член на Комитет за дигитализација при AmCham.
- Член на Комитет за општествена одговорност, при AmCham. Како претставник на

УАКС во овој комитет Елена е вклучена во активности поврзани со општествено одговорно однесување. Комитетот е одлично место на размена на искуства и информации помеѓу членките на AmCham

- Член на Комитет за право и даноци, при AmCham.
- Поранешен соработник на ЕУРИСК Македонија, обуки за полагање на правосуден испит
- Поранешен предавач за Financial Technology Transfer Agency (ATTF), Luxembourg (www.attf.lu), на тема: Усогласеност со прописите во пракса
- Поранешен говорник на Мрежата на глобалниот договор (УНДП) во Република Македонија, област: Корпоративна општествена одговорност
- Тренер на вработените во Стопанска банка АД-Скопје на тема: Банкарска регулатива во РМ, усогласеност со регулативата, спречување на перење пари
- Член на Управен одбор на Централен депозитар за хартии од вредност на РМ (до 2008 година)
- Автор на Политиката "Запознај го својот клиент и Процедурите за спречување на перење пари на Стопанска банка АД-Скопје.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Во доменот на наставно-образовната дејност, д-р Елена Бундалеска е избрана во звање доцент на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во 2012 година, а во 2017 година е избрана за вонреден професор. На истоимениот универзитет ги предава следните наставни предмети: Облигационо право, Business Law, Contract Law, Корпоративно управување и бизнис етика, Business Ethics и Бизнис модул 3.

Д-р Елена Бундалеска е автор на следните дела:

- Market Discipline, Transparency and Disclosure Requirements in Banking (Пазарна дисциплина, транспарентност и обврски за објавување во банкарството) (Октомври 2011), Lambert Academic Publishing, ISBN 978-3-8465-1491-7. - Книга (https://www.amazon.com/Discipline-Transparency-Disclosure-Requirements-Banking/dp/3846514918)

Во последните пет години, ги објавила следните трудови:

| **Труд** | **Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (1.12.2017)** | **Референтната научна публикација подлежи на рецензија** | **Референтна научна публикација** |
|---|---|---|---|
| Hristova, S., Bundaleska, E. (2019) Strategic Planning Practices and Challenges: The Case of SMEs in Macedonia, *Journal of Innovative Business and Management*, 10(2). | Да<br>2019 | Да | Да, РНП од ЗВО, член 2, точка 24в |
| Jakimovska, A., Dimitrova M., Bundaleska E. (2022). Prevailing Leadership Styles and Gender Perspective in the Macedonian Retail Industry. *Proceedings from XII International Conference on Economy, Business & Society Inigitalized Environment*, September 2022, Faculty of Economy, Prilep. | Да<br>2020 | Да | Да, РНП од ЗВО, член 2, точка 24д |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Panova, I., Tomovska Misoska, A., Bundaleska, E., Hristova, S. (2022). Pay Perception and Emplyees Intent to Leave, Study of the Macedonian Non-Banking Financial Sector. *Proceedings from XII International Conference on Economy, Business & Society Inigitalized Environment,* September 2022, Faculty of Economy, Prilep. | Да 2020 | Да | Да, РНП од ЗВО, член 2, точка 24д |
| Bundaleska, E., Kocheska A. and Naumovski V. (2020). "The Influence of Board Independence and Internal Audit Function on Company's Performance, Study of Macedonian Companies." *Balkans Journal of Emerging Trends in Social Sciences,* 3(2). | Да<br>2020 | Да | Да, РНП од ЗВО, член 2, точка 24б |
| Hristova, S., Mileva, I., Bundaleska, E. (2022). Synergy Effect: How to Capture Value in the Business Strategy? – A Case of IT Business in North Macedonia. Studia UBB Negotia. Issue No. 4/2022 | Да<br>2022 | Да | Да, РНП од ЗВО, член 2, точка 24в |
| Bundaleska, E., Trajkoska, S., Mileva, I. (2022). Promoting Greater Role of Women as Leaders in the Macedonian Marketing Sector.<br>CIT Review Journal, November Issue 2022 | Прифатен за издавање во ноемврискиот број 2022<br>Прилог – писмо за прифаќање | Да | Да, РНП од ЗВО, член 2, точка 24в |

Покрај горенаведените трудови, значајно од правен аспект, Бундалеска учествувала во изготвување на два прирачника за примена на нови закони, како:

- Матески, А., Гјоргиоска, Е., Бундалеска, Е. (2021). Водич за практична примена на Законот за управување со пакување и отпад од пакување и на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови за отпад, ISBN 978-608-66748-0-9. – Практикум
- Матески, А., Гјоргиоска, Е., Бундалеска, Е. (2021). Прирачник за општинската надлежност во областа на управување со отпад од пакување, ISBN 608-66748-1-7.

Д-р Бундалеска континуирано присуствува на различни настани од областите како корпоративно управување, корпоративна општествена одговорност, управување со ризици, спречување на перење пари, бизнис етика, промени во законска регулатива, слично.
Таа постојано ги следи најновите трендови во едукација на студенти, пред се методи на предавање и оценување на студентите.
Во последните години, како понова област и дел од пошироката област на општествено одговорно однесување, Елена присуствувала на повеќе работилници поврзани со социјално претприемништво.

Во поглед на работни ангажмани во научноистражувачки проекти, Д-р Бундалеска има учествувано во три проекти. Д-р Бундалеска е правен консултант во Проектот "*Enable a Cost-Effective Glass Recycling Value Chain in the Western Balkan*", имплементиран од страна на GIZ, во име на германското Министерство за економија и развој. Проектот се имплементира во три држави, Република Македонија, Србија и Босна. Д-р Бундалеска е член на проектниот тим на научно истражувачки проект "Истражување на свеста за

општествена одговорност на друштвата на Западен Балкан" кој се спроведува од 2015 година, во три држави Македонија, Србија и Албанија и е под покровителство на мрежата RESITA (Academic Network Entrepreneurship and Innovation South-Eastern-European Universities) мрежа на претприемачки универзитети поддржана од Германската агенција за академска размена. Д-р Бундалеска е исто така член на проектниот тим на проектот "Недела за започнување на нови бизниси на Универзитетот Американ Колеџ Скопје", во соработка со ГЕА Колеџ за претприемништво од Словенија. Целта на проектот е организирање на двонеделна школа за нови бизниси во која учество земаат предавачи и претприемаши од практиката. Д-р Бундалеска е ангажирана за дефинирање и реализирање на студиската програма како и менторирање на студентите за прашања поврзано со правните аспекти на новите бизниси.

***Општествена дејност***

Елена билаорганизатор и учесник во општествено одговорни активности на и со студентите, пр. Денот на водата, Од стари кеси до нови производи, волонтирање на студентите во заедницата (градинки, училишта, домови за деца по посебни потреби, домови за деца без родители, слилно). Исто така, како дел од поголем проект за осамостојување и инклузија во општеството на децата од Домот за деца 11ти Октомври, Елена држи предавања за децата од Домот на различни теми поврзани со полесно наоѓање на работа.
Во моментов Елена е Академски советник на организацијата на студенти со посебни академски достигнувања Делта Му Делта Пи Алфа, која е огранок на Делта Му Делта САД и како таква има обврска да и врати на заедницата преку активности, вмрежувања, know-how, настани, слично.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Елена Бундалеска и според одредбите на Законот за високото образование, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката покажува соодветен стручен и научен развој и е оформена во квалитетен универзитетски научник и наставник. Нејзината наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од нејзината научно-истражувачка и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека д-р Елена Бундалеска ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје да ја избере во звање *редовен професор* по група предмети од областа на финансии и друго.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

проф. д-р Марјан Петрески, с.р,
Факултет за деловна економија и организациони науки
Универзитет Американ колеџ Скопје

проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р,
Факултет за деловна економија и организациони науки
Универзитет Американ колеџ Скопје

проф. емеритус д-р Томе Неновски с.р,
Факултет за деловна економија и организациони науки
Универзитет Американ колеџ Скопје

**Прилог – писмо за прифаќање на труд**

---------- Forwarded message ---------
From: **CIT Review Editorial Office** <editorialoffice@cit.edu.al>
Date: Mon, Nov 21, 2022, 10:11 AM
Subject: Your paper has been accepted
To: Elena Bundaleska <bundaleska@uacs.edu.mk>

Dear Professor Bundaleska,

This is to inform you that, based on the Reviewer Report, your paper entitled "Promoting the Greater Role of Women as Leaders in the Macedonian Marketing Sector" has been accepted for publication in the Journal's November Issue 2022.

Thank you for submitting your work to CIT Review Journal (CIT rev.) ISSN: 2788-645X (online), listed in Ulrichsweb™ & Ulrich's Periodicals Directory.

I will inform you when the issue is published online.

Best wishes,
Erjona
--
**PhD (C). Erjona Deshati**
**CIT Review Journal Coordinator**
**Canadian Institute of Technology (CIT)**
Address: Rr. Xhanfize Keko Nr.12, Tirana - Albania
Tel: +355 42 22 9778
E-mail: erjona.deshati@cit.edu.al
Website: http://www.cit.edu.alFYOv

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКИ КОНСТРУКЦИИ (20112), УРБАНО И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОЕКТИРАЊЕ (20114) И ДРУГО (20118) ОД КЛАСИФИКАЦИЈАТА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПОДРАЧЈА, ПОЛИЊА И ОБЛАСТИ СПОРЕД МЕЃУНАРОДНАТА ФРАСКАТИЕВА КЛАСИФИКАЦИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 16-1197/3 од 16.12.2022 година на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ колеџ Скопје (УАКС), определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на архитектонски конструкции (20112), урбано и просторно планирање и проектирање (20114) и друго (20118) на Факултетот за архитектура и дизајн при УАКС.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Слободен печат“на 11.11.2022 година и во предвидениот рок на конкурсот се пријави:

1. *д-р Сашо Блажевски*

Заедно со биографијата, кандидатот доставил уверенија и дипломи за предходно оформени степени на образование, како и список на објавени рецензирани трудови. Врз основа на приложената документација од кандидатот, на Наставно-научниот совет на Факултет за архитектура и дизајн при УАКС му го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

### ***Биографски податоци***

Д-р Сашо Блажевски е роден 1972 год. во Скопје. Во 1999 година, кандидатот ги комплетирал испитите од десетсеместрални студии по архитектура (еквиваленција на 300 ЕКТС кредити) на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнал со звање „Дипломиран инженер архитект“ (просечен успех 8,61).

Кандидатот стекнал степен на образование „Магистер на техничките науки од областа на архитектурата“, на Архитектонскиот факултет при Техничкиот Универзитет во Делфт, Холандија во 2002 година.

Во 2019 година кандидатот се стекнува со степен на образование „Доктор по технички науки“ на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со одбрана на докторската теза на тема: „Морфосинтакса на градска улица- дефиниција, синтакса и типологија“.

Во текот на студиите Блажевски учествувал на повеќе летни школи, семинари и работилници во Р. С. Македонија, Република Турција, Бугарија, Латвија, Данска,

Шведска, Норвешка и Хрватска.

За учеството на тие настани како и за учеството на изложби има добиено повеќе дипломи од кои се истакнуваат:

- Диплома за креативност и придонес во интернационалната соработка, доделена од Интернационалната Академија за архитектура во Софија, Бугарија, како и
- Дипломите за придонес во архитекутрата на град Скопје, доделени од Градоначалникот на град Скопје за проекти од периодот од 1999 до 2007 година.

Блажевски зема активно учество во стручните дебати за урбанистичките проблеми и иднината на градот Скопје за кои се објавени стручни текстови и интервјуа во магазините Културен живот, Форум и Порта 3. Во енциклопедиското издание Градителите на Македонија се појавува како млад архитект од крајот на 20-ти век.

Своите идеи ги применува во повеќе јавни архитектонско- урбанистички конкурси за кои е наградуван. Први награди има добиено како дел од тим на јавниот анонимен конкурс за партерно уредување на Плоштад Македонија, како и на конкурст за градска Библиотека во Берово. Добитник е на трета награда на конкурсот за надградба и доградба на зградата на Собрание на Р. С. Македонија и повеќе откупни решенија.

За време на студиите работи како соработник во проектантските бироа Артинг и Ателје Ајвар во Скопје и во HP Architecten во Ротердам. Во 2002 година го основа проектантското биро Лоу Тек - каде работи и денес. Позначајни објекти се Канцелариите на UNDP и Microsoft за Македонија, деловниот објект на Контрекс во Скопје, Објекти од сфера на здравство, администрација како и урбанистички планови.

Член е на Собранието на Комора на овластени архитекти и инженери на Република Македонија од 2016 година. Во периодот од 2016 до 2018 година претседава со Дисцилинската комисија при Комората а во 2019 година е избран на истата функција втор мандат. Во 2021 година е повторно избран од Собранието на Комората за член на Дисциплинската комисија.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2008 година започнува да работи како предавач на Академија Италијана во Скопје на предметите Уметничко обликување 1&2, Пејзажно обликување и опремување на јавни простори 1&2 и Индустриски дизајн.. Истата година започнува да предава како истакнат стручњак од практиката на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ колеџ Скопје на групата предмети од Архитектонски конструкции.

Во периодот од 2015 до 2017 година работи како менаџер на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ колеџ Скопје.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Д-р Сашо Блажевски ги има објавено следните научни трудови:

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (11.11.2022) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| 17th Annual International Conference on European Integration AICEI 2021 at UACS.<br>Jordan Shishovski, Sasho Blazhevski, **Redesign of Cities for Urban Warfare Resilience and Deterrence After the Russo-Ukrainian War of 2022.** | Да<br>2022 | Да, Зборник на меѓународна конференција. | Да |
| JOURNAL OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT, VOL. 12, ISSUE 28 (2022), 72-84<br><br>Ivona Mileva, Sasho Blazhevski, **ARCHITECTURE: DREAM JOB OR STRESSFUL JOB?** | Да<br>2022 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да |
| JOURNAL OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT, VOL. 11, ISSUE 27 (2021), 122-138<br><br>Sasho Blazhevski, Ivona Mileva, Marjan Bojadjiev, **THE CHARACTERISTICS OF PUBLIC SPACE AND URBAN STREETS AND THEIR IMPACT ON PERCEPTION AND FEELINGS OF THE Participants.** | Да<br>2021 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да |
| 16th Annual International Conference on European Integration AICEI 2021 at UACS.<br><br>Sasho Blazhevski, Ivona Mileva, Marjan Bojadjiev, **THE RELATIONSHIP BETWEEN REMOTE WORK AND JOB SATISFACTION: THE MEDIATING ROLES OF SOCIAL INTERACTION AND WORK-FAMILY CONFLICT.** | Да<br>2021 | Да, Зборник на меѓународна конференција. | Да |

Трудови, објавени во период подолг од пет години, од објавување на конкурсот:

9th Annual International Conference on European Integration at UACS. 2014

Irina Grcheva, Sasho Blazevski, Maksim Naumovski:
**The Implementation of European Union Regional Policies**
**in Planning Documents: The Case of Macedonia.**

Во доменот на истражувачка работа се издвојуваат и неговите трудови:

- Glass roofed street, research report

- Urban regeneration or urban renewal, paper
- Squared Maastricht, analysis report
- Small Ring, analysis report
- Магистерскиот труд d(Raft) DESIGN
- Авторизирани предавања на предметите од област Архитектонски конструкции.
- Докторска дисертација „Морфосинтакса на градска улица- Дефиниција, синтакса и типологија”.

### *Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес*

**Учество на Архитектонски конкурси**

1998 - Музеј на светската култура во Gothenburg, Sweden, дел од тимот;
2003. - Поплочување и урбана упрема за плоштад Македонија во Скопје, **освојува прво место**;
2004. - Фонтана за плоштад Македонија во Скопје;
- Меморијален Центар АСНОМ во Пелинце близу Куманово;
2006 - UNDP Градска библиотека во Радовиш;
- UNDP Градска библиотека во Струмица;
- UNDP Градска библиотека во Кавадарци;
- UNDP Градска библиотека во Прељубиште, Јегуновце;
- UNDP Friendly library logo ;
2007 - UNDP Градска библиотека во Берово, **освојува прво место**;
- Екстензија на Градското Собрание во Скопје, **освојува трета награда**;
- Нова зграда за Македонската Филхармонија во Скопје;
2008 - Меморијален дом за Тоше Проески во Крушево;
- Надградба на Градски Трговски Центар во Скопје.

**Учество на изложби**

1994 - Културен Центар во Крива Паланка, Македонија;
- Изложба на проекти од летната школа на тема „Улица“;
1995 - Културен Центар во Крива Паланка, Македонија;
- Изложба на проекти од летната школа на тема „Соседство“;
- Галерија D.L.U.M. Скопје, Македонија;
- Изложба на проекти од летната школа на архитектура во манастирот Св. Јоаким Осоговски;
- Учесник во BISTA '95 (Biennale of Students of Architecture);
1998 - Учесник на BIMAS '97 (Biennale of Macedonian Architecture) со дизајн и реализација на U.K. Cosmetics, Скопје;
- Учесник во 25th Salon of Young Artists, Загреб, Хрватска;
- Учесник во изложба во Велес, Македонија;
- Организирано од BIMAS '97 и Архитектонскиот Факултет во Скопје;.
1999 - Музеј на Град Скопје, изложба „Архитектура Скопје“ организирана од Главниот архитект на Скопје;
2000 – 2008 - Учесник во BIMAS (Biennale of Macedonian Architecture);
1999 - 2007 - Учесник во ASK (Architecture of Skopje) организирано од градоначалникот на Скопје.

**Признанија и дипломи**

- Архитектонски Факултет и Асозијација на архитекти на Македонија

Признание за најдобар проект во рамките на изборна настава за проект„Железничка Станица” во Велес;

- Интернационална Академија за архитектура во Софија, Бугарија

Диплома за Архитектонска креативност и придонес во интернационалната соработка.

- Град Скопје, Главен архитект Skopje City, Main Architect.

Диплома за придонес во архитектурата на град Скопје со проектот Градски аквариум.

- Градоначалник на Скопје

Диплома за придонес во архитектурата на Град Скопје (ASK):
- Проект Градски аквариум,
- Дизајн на ентериер за Microsoft Macedonia,
- Надградба на Собрание на Република Македонија.

**<u>Следење на конференции, предавања, работилници и стручни посети</u>**
- Стручна посета на Треспа Холандија - Фабрика за системи на вентилирани фасади.
- Прв Меѓународен Симпозиум за архитектура во Охрид, Македонија.
- Прва работилница за креативни индустрии „Уметноста за бизнисот“ - Битола.
- Втор Меѓународен Симпозиум за архитектура во Охрид, Македонија.
- Предавање за енергетска ефикасност - композитни системи на термоизолација - КСИНТИ, Градежен факултет при УКИМ.
- Предавање за состојбите со енергетска ефикасност во Република Македонија, Музеј на Град Скопје.
- Работилница за реконструкција на основните училишта во општина Карпош (Факултет за архитектура и дизајн при УАКС и општина Карпош).
- Холандска програма за поддршка на бизнисите во Македонија (Амбасада на Кралство Холандија и Стопанска Комора на Македонија).
- Учество на тркалезна маса „Како да се направи подобар Закон за градење?“ (Комора ОАИ и Инженерска комора на Македонија - Струга.)
- ГЕЗЕ Бугарија и НОВОТЕРМ Балкан семира за градежни технологии - иновативни системи и решенија за врати, прозорци и физичка безбедност, Банксо - Бугарија.
- Прва регинална КНАУФ Акаденија, Струга - Македонија.
- Кнауф Семинар " ПП заштита на челични конструкции''.
- Студиско патување - Берлин, Германија. Модерна и постмодерна архитектура во Берлин.
- КНАУФ Академија, Копаоник.
- SHARE Скопје, Форум за архитекруа.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија во состав: проф. м-р Виолета Бакалчев, вон. проф. д-р Љупчо Јованов и проф. д-р Мишко Ралев, ги разгледа доставените материјали по пријавата и имајќи ги во предвид истите, преку кои може да се согледа целокупниот едукативен и професионален ангажман, позитивно ја вреднува и ја оценува научно-истражувачката, стручно-апликативната и наставно-образовната, дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Сашо Блажевски.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот, врз основа на поднесената пријава и документација.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека д-р Сашо Блажевски искажува висок интелектуален, научно истражувачки и педагошки потенцијал. Во своите досегашни ангажмани покажува интерес за примена на стекнатото знаење и искуства, а воедно има заокужен трет циклус на образование со што се стекнала со академската титула Доктор на науки.

Кандидатот д-р Сашо Блажевски со својата активна и успешна во работата во областа на архитектурата и урбаното и просторно планирање и проектирање, а пред се како дипломиран инженер архитект и магистер од областа на архитектурата секако дека ги исполнува критериумите кои произлегуваат според спецификите на предметната материја која се изучува по група предмети од областа на архитектонски конструкции,

урбано и просторно планирање и проектирање и друго, на Факултетот за архитектура и дизајн.

Според референтноста на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека кандидатот д-р Сашо Блажевски поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитет Американ колеџ Скопје на Универзитетот Американ колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент по група предмети од областа на архитектонски конструкции, урбано и просторно планирање и проектирање и друго. За квалитетите во учеството и изведувањето на наставно образовниот процес сведочат и евалуациите од изминатите академски години кои се оценети со високи оцени во евалуционите процеси на ФАД.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн, д-р Сашо Блажевски, да биде избран во звањето доцент по група предмети од областа на архитектонски конструкции, урбано и просторно планирање и проектирање и друго, на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

проф. м-р Виолета Бакалчев, с.р,
Факултет за архитектура и дизајн
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Љупчо Јованов, с.р,
Факултет за архитектура и дизајн
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Мишко Ралев, с.р,
Факултет за архитектура и дизајн
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323